

Публикацијата „Преспанска разгледница“ на Славе Катин е издание на Книгоиздателството „Македонска искра“ од Скопје, а рецензенти се: публицистот Свето Стефановски и примариус д-р Методија Томевски. Таа е отпечатена на 420 страници и содржи педесеттина репортажи од доживувањата, активнотите, историските податоци, посетите, бројните културно историски настани и други текстови кои се однесуваат на родната Преспа на авторот

Во делото „Преспанска разгледница“ Славе Катин пишува за Преспа како значаен дел на Македонија, за Македонците од поделена Македонија, особено за минатото и сегашноста на етничка Преспа. Затоа тој вели дека да се пишува за Преспа е одговорна задача, но истовремено причинува големо задоволство. Во ова време на светска глобализација прекрасно е чувството кога ќе се најде на едно место дел од една историска вистина за настаните, личностите, за минатото, сегашноста и иднината на еден убав македонски крај од незаборавот кој се вика Преспа.

Затоа, авторот на ова дело Славе Катин како публицист и новинар кој го прокрстарил

светот и оставил траги за Македонците во дијаспората, со големо задоволство се зафати да пишува и да даде придонес за етничка Преспа, да пишува за неговата родна Преспа која ја носи во срцето и е чест посетител на тој убав македонски крај.

Мајката природа на Преспа ѝ подарила богатство на убавини и атрактивности. Во исто време, историјата ѝ оставила непроценливи траги од значајни настани. Затоа преспанци каде и да се во родниот крај или надвор од него, се радуваат со сето тоа што го има во Преспа, се гордеат и го чуваат ваквото богатство за идните генерации.

Она што на Преспа и на нејзината историја ѝ дава посебен белег е нејзиното богатство со културно-историските споменици, уште од времето кога била староримска крстосница и прва престолнина на цар Самуил, а денес е туристичка дестинација

Борбата за национално ослободување од Отоманската Империја во овој крај организирано започнала многу одамна. Уште пред создавањето на Тајната македонска одринска револуционерна организација (ТМОРО) во 1893 година, Преспа била центар на многу настани од овој период.





